**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ШТИП**
**FACULTY OF LAW, GOCE DELCEV UNIVERSITY, STIP**

**ДЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**TENTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE**

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ
## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

**З Б О Р Н И К Н А Т Р У Д О В И**
**P R O C E E D I N G S**

**-СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-**



**ШТИП, 2023**
**STIP, 2023**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”, ШТИП, РЕПУБЛИКА С.МАКЕДОНИЈА**

**ДЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

**З Б О Р Н И К  Н А Т Р У Д О В И**

**-СЕКЦИЈА МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ-**



**ШТИП, 2023**

**FACULTY OF LAW, GOCE DELCEV UNIVERSITY, STIP, NORTH MACEDONIA**

GOCE DELCHEV
UNIVERSITY
FACULTY OF LAW

# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

**P R O C E E D I N G S**

**-SECTION YOUNG RESEARCHERS-**



**STIP, 2023**

Tenth International Scientific Conference SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
©2023 Copyright Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia:
Adress: Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
Ul. Krste Misirkov bb, PO box 201,2000, Stip, R.N. Macedonia
www.ugd.edu.mk
Печати / Print: 2-ри Август-Штип / 2-ri Avgust-Shtip
Уредници: Милица Шутова, Јорданка Галева, Наташа Донева, Ана Здравева, Кристијан Панев
Технички уредник: Наташа Донева, Ана Здравева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42:005.44(062)
304-027.511(062)

МЕЃУНАРОДНА конференција "Општествените промени во глобалниот свет" (10 ; 2023 ; Штип)

Десетта Меѓународна научна конференција "Општествените промени во глобалниот свет" : зборник на трудови : секција млади истражувачи = Tenth International scientific conference "Social changes in the global world" : proceedings : section young researchers = Десятая Международная научная конференция "Социальные изменения в глобальном мире" : сборник материалов / [уредници Милица Шутова ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Правен факултет ; Stip : University "Goce Delchev", Faculty of Law : Университет им. "Гоце Делчева", Юридический факультет, 2023. - 159 стр. : илустр. ; 30 см

Други уредници: Јорданка Галева, Наташа Донева, Ана Здравева, Кристијан Панев. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-999-9

а) Општествени промени -- Глобализација -- Собири

COBISS.MK-ID 61684997

•All manuscripts were subject of double-blind peer review process.
•No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference
•The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет/ Organizational Committee

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Jordanka Galeva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jordanka.galeva@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia natasa.doneva@ugd.edu.mk

Ana Zdraveva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, ana.zdraveva@ugd.edu.mk

Kristijan Panev LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia kristijan.panev@ugd.edu.mk

## Програмски комитет/ Program Committee

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, North Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole PhD, currently - OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Angel Ristov, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, angelristov@yahoo.com

Anđelija Tasić, Faculty of Law, PhD, University of Niš, Serbia, andjelija@praf.ni.ac.rs

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Aleksandra Gruevska Drakulevska, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk

Biljana Puleska - Janushevska, PhD, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, North Macedonia, biljana.puleska@fon.edu.mk

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Darko Dimovski, PhD, Faculty of Law, University of Niš, Serbia, darko.dimovski@yahoo.com

Darko Spasevski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, spasevski_d@yahoo.com

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, North Macedonia, ilijevski@fb.uklo.edu.mk

Zorica Siljanovska, Faculty of Law, American University of Europe, Skopje, North Macedonia, zoricasiljanovska@yahoo.com

Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com

Jasna Bacovska Nedic, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, jasnab2002@yahoo.com

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk

Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia,
marija@prafak.prafak.ni.ac.rs

Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania,
migena.leskoviku@gmail.com

Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, Serbia,
novak@praf.ni.ac.rs

Olga Koshevaliska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania,
silviu.totelecan@g,ail.com

Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, North Macedonia,
bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica,
strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

Tamara Djurdjic Milosevic, PhD, Faculty of Law, University of Kragujevac, Serbia, tdjurdjic@jura.kg.ac.rs

Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tatyana Dronzina, PhD, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, Bulgaria, drozina@gmail.com

Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

Viktoria Serzhanova, PhD, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl

Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENTS

**Damovski Andon**
NORMATIVE-LEGAL REGULATION FOR THE FUNCTIONING OF CIVIL SOCIETY ASSOCIATIONS IN THE MACEDONIAN LEGISLATION ---------- 11

**Georgievska Ankica**
VIOLATION OF UN SECURITY COUNCIL RESOLUTION 1244 ---------- 21

**Iaroslavska Marianna-Elizabet**
PRINCIPLE OF OPENNESS: SOCIAL EFFECTS OF RECKLESS LEGAL CHANGES IN THE POLISH LEGAL SYSTEM ____ 29

**Jonoski Liljana**
THE LEGITIMACY OF THE EUROPEAN UNION AS A GLOBAL ACTOR ON INTERNATIONAL POLITICAL SCENE UNDERMINED BY THE ENLARGEMENT ---------- 35

**Kadri Shkurte**
TYPES OF CIVIL RELATIONS ____ 47

**Lalevska Tea**
THE ACTIVE LEGAL CAPACITY OF NATURAL PERSONS IN THE CIVIL LAW ---------- 59

**Masevski Stojanche**
THE EFFECTIVENESS OF ECONOMIC SANCTIONS AS MEANS OF WARFARE AND DIPLOMACY ____ 71

**Panev Kristijan**
INDEPENDENCE AND IMPARTIALITY OF ARBITRATORS IN INVESTMENT-STATE ARBITRATION: THE BLUE BANK CASE ____ 83

**Paneva Ana**
TERMINATION OF THE CONTRACT FOR LIFETIME SUPPORT DUE TO CHANGED CIRCUMSTANCES ____ 95

**Semenets E. V.**
FEATURES TRANSFORMATION OF THE RUSSIAN STATE IDENTITY POLICY IN THE CONTEXT OF NEW GEOPOLITICAL CHALLENGES ---------- 107

**Trajkovska Elena**
MISSION, VISION AND ROLE OF THE EU IN THE WORLD OF DIPLOMACY: DIGITAL DIPLOMACY ____ 119

**Trpkovska Sanja**
STRENGTHENING ACCESS TO LEGAL SERVICES FOR THE ELDERLY IN ALL OF MACEDONIA VIA SMARTPHONES ________________________________________________ 133

**Vertuccio Antonio**
THE METAVERSE AND PRIVACY: NEW CRITICAL ISSUES ON THE HORIZON--------------------141

**Xhaferi Beqiri Besiana**
TYPES OF REAL RIGHTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, BEFORE AND AFTER THE ADOPTION OF THE LAW ON OWNERSHIP AND OTHER REAL RIGHTS ---------- 151

**UDK: 347.447.63:347.68]:340.13(497.7)**

# TERMINATION OF THE CONTRACT FOR LIFETIME SUPPORT DUE TO CHANGED CIRCUMSTANCES

**Ana Paneva**
Teaching Assistant
Faculty of Law, Goce Delchev University Stip, North Macedonia
ana.zdraveva@yahoo.com

**Abstract**

This paper addresses the topic of terminating a lifetime support contract due to changed circumstances. The focus is on the analysis of the legal factors that are relevant for deciding to terminate the contract in this context. Special attention is paid to the application of the rebus sic stantibus principle, which allows the termination of the contract due to exceptional changes in circumstances that cannot be foreseen at the time of the conclusion of the contract. The preliminary analysis includes a review of the legal bases and relevant legal provisions to identify the parameters to be considered when determining the relevant changes. Understanding these factors aims to improve legal decision-making and legal practice in cases involving the termination of lifetime support contracts due to changed circumstances.

***Keywords*****:** changed circumstances, contract termination, lifetime support

# РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА ПОРАДИ ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ

**Ана Панева**
Асистент
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Северна Македонија
ana.zdraveva@yahoo.com

**Апстракт**

Овој труд ја обработува темата за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности. Фокусот е ставен на анализа на правните фактори кои се релевантни за донесување одлука за раскинување на договорот во овој контекст. Посебно внимание се посветува на примената на принципот rebus sic stantibus кој овозможува раскинување на договорот поради исклучителни промени на околностите кои не можат да се предвидат во моментот на склучување на договорот. Воведната анализа вклучува преглед на правните основи и релевантните законски одредби со цел да се идентификуваат параметрите што треба да се земат предвид при утврдувањето на релевантните промени. Разбирањето на овие фактори има за цел да се подобри правното одлучување и правната пракса во случаите кои вклучуваат раскинување на договорите за доживотна издршка поради променети околности.

***Клучни зборови*****:** променети околности, раскинување на договор, доживотна издршка.

## 1. ВОВЕД

Договорот за доживотна издршка претставува правно дело со кое давателот на издршката се обврзува доживотно да го издржува примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката се обврзува да му го пренесе целиот свој имот, или определен дел од неговиот имот, чие предавање е одложено сè до неговата смрт.[192] Имајќи ги предвид карактеристиките на договорот за доживотна издршка, овој договор е двострано образувачки договор, бидејќи од него произлегуваат права и обврски за двете договорни страни. Оттука, обврските за давателот на издршката настануваат за време на живот, додека пак правата над имотот што е предмет на договорот, давателот на издршката ги стекнува во моментот на смртта на примателот на издршката. Договорот за доживотна издршка, како и останатите договори, се склучува во согласност со волјата на договорните страни. Меѓутоа, животните околности и меѓучовечките околности се променлива категорија. Па така, еднаш склучен договор не значи негова трајност и непроменливост.

Доколку околностите под кои е склучен договорот за доживотна издршка со текот на времето се променат (*rebus sic stantibus)*, може да се случи исполнувањето на договорот да стане неоправдано и отежнато, и тоа најчесто на страната на давателот на издршката. Договорот за доживотна издршка може да биде раскинат или изменет поради променети околности согласно одредбите од Законот за облигациони односи[193], со кои се регулирани претпоставките поради кои се дозволува раскинување или измена на договорот поради променети околности. Така, кога поради променетите околности се отежнува исполнувањето на обврската на едната договорна страна или кога поради нив оваа страна не може да ја оствари целта на договорот, тогаш таа има прво да бара договорот да се раскине. Овие правила се применуваат само на двострано образувачките договори, па така овие правила се применуваат и во случај на раскинување на договорот за доживотна издршка.

Идејата за раскинување на договорот поради променети околности е всушност можност да се измени договорот, во случај на настанување на непредвидливи околности што го отежнуваат неговото исполнување, така што и без вина на договорните страни го загрозуваат начелото на еквивалентност кај двострано образувачките договори. Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности е сложено правно прашање кое бара внимателна анализа. Промените кои можат да бидат основа за раскинување на договорот, можат да бидат економски, здравствени, лични и други релевантни промени кои значително влијаат на способноста за исполнување на обврските од договорот. Токму, идејата на овој труд е да се утврди кои промени на околностите имаат правна важност за раскинување на договорот за доживотна издршка. Фокусирајќи се на правниот аспект, трудот има за цел да ги идентификува клучните фактори и параметри кои се земаат предвид при донесување на одлука за раскинување на договорот врз основа

---

[192] Член 1029 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РСМ", бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/1, 123/13, 215/21), во понатамошниот текст ЗОО

[193] Член 122-125 од ЗОО

на променети околности. Во процесот на анализа, ќе се проучат релевантните законски одредби и судската пракса за да се идентификуваат какви видови промени можат да бидат законски оправдани за раскинување на договорот.

Конечно, целта е да се даде јасен и сеопфатен преглед на релевантните законски промени во околностите кои можат да бидат основа за раскинување на договорот за доживотна издршка. Ова ќе придонесе за правно разбирање и ќе го подобри одлучувањето во пракса кога се работи со овие сложени правни прашања.

## 2. ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ

При склучување на договорот, договорните страни мора да имаат предвид одредени околности кои можат да влијаат на правилното исполнување на договорот. За одредени договори меѓу склучувањето и извршување на договорот може да помине подолг временски период. Во тој период можат да настанат помали или поголеми промени на околностите во однос на околностите кои договорните страни ги имале предвид при склучување на договорот. Кај договорите со трајно извршување на престацијата, како што е случајот кај договорот за доживотно издржување, без разлика дали обврската се извршува со преземање на едно дејствие кое трае подолго време или е договорена обврска која се состои во преземање на повеќе последователни дејствија, кои можат да бидат различни или да се изразат како повторување на едно дејствие повеќе пати, околностите под кои е склучен договорот можат да се изменат дотолку што исполнувањето на обврската значително е отежнато за една од договороните страни.[194] Овде се поставува прашањето за влијанието на новите околности за важноста и натамошното извршување на договорот.

Согласно членот 122, став 1 од Законот за облигациони односи, договорот може да се раскине или измени поради променети околности: *„Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине*.“

Имајќи ја предвид вака поставената одредба, законодавецот ги регулира претпоставките поради кои се дозволува раскинување или измена на договорот. Како општа претпоставка за да може да се дозволи такво нешто, е променетите околности да настанале по склучувањето на договорот, а не таквите околности да постоеле во времето на склучување на договорот. Како последица на дејството на променетите околности, најпрво треба да настане „отежнато исполнување на обврската“ или „невозможност за остварување на целта на договорот“. И во едниот и во другиот случај тоа да биде утврдено преку правните стандарди, односно промената да е таква што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и според

[194] Ilkić Z. (2014). Prestanak ugovora o dozivotnom izdrzavanju, Vol. 11, No 1, 2014: 127-146

општото мислење би било неправедливо да се одржи договорот во сила таков како што е. Последната претпоставка води сметка за принципот на справедливост, како и за начелото на совесност и чесност кон кое договорните страни треба да се придржуваат при засновањето на облигационите односи, така и при остварувањето на правата и обврските од тие односи. Меѓутоа, доколку овие околности можеле да се предвидат во време на склучување на договорот, тогаш тие не можат да послужат како основа за раскинување или измена на договорот[195], бидејќи доколку страните ги имале предвид, би можеле поинаку да ја определат содржината на нивниот договор. Променетите околности мора да настапиле пред истекот на рокот за исполнување на обврската[196], односно да постои последователна неможност за исполнување, бидејќи во случај на првична невозможност, договорот би бил апсолутно ништовен. Според одредбата од истиот член став 4, договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови на договорот да се изменат справедливо. Од ова произлегува дека страната која е погодена со променетите околности може да бара со тужба само раскинување на договорот, но не и да бара од судот соодветните услови од договорот да ги измени. Таа вакво нешто може да бара со поднесување на тужбата, и судот ќе донесе пресуда со која ќе го измени договорот, но само ако на тоа се согласи другата договорна страна. Во обратна ситуација, другата страна во одговорот на тужбата може да понуди измена на договорот, во таков случај судот ќе го одбие тужбеното барање, ќе го прифати понуденото барање во одговорот на тужбата и ќе донесе одлука со која ќе изрече дека договорот се изменува, односно определени клаузули од договорот ќе ги измени.[197]

Доколку изрече раскинување на договорот, судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.[198]

Во врска со овие претпоставки кои се потребни да се исполнат за да може да се бара раскинување на договорот поради променети околности, треба да се има предвид дека овие одредби се применуваат кај двострано образувачките договори, односно договорите со надомест, бидејќи овие одредби се сместени во Отсекот 5 во ЗОО кој зборува за двострано образувачки договори.

Право да бара раскинување на договорот поради променети околности има, а) страната на која ѝ е отежнато исполнувањето на обврската, или б) страната која поради променети околности не може да ја оствари целта на договорот. Во оваа насока законодавецот предвидува можност по барање на една од страните судот да може одново да ги уреди нивните односи или да го раскине постоечкиот договор. Важно е да се напомене дека страната која бара измена на договорот или раскинување на договорот не може да се повика на променети околности ако истите настанале по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска. Оваа претпоставка е потребна бидејќи неисполнувањето на обврската по нејзината втасаност доведува до повреда на договорот со тоа што должникот паднал во задоцнување, па поради тоа тој треба да ги сноси сите последици од таа повреда, вклучувајќи го тука и отежнатото исполнување на договорот до кое дошло поради променети околности.

---

[195] Член 122 став 2 од ЗОО
[196] Член 122 став 3 од ЗОО
[197] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик
[198] Член 122 став 5 од ЗОО

Клучно прашање е обемот и квалитетот на променетите околности од чие настанување би зависело раскинувањето или измената на договорот. Согласно општите узанси за промет на стока, таквите околности треба да бидат извонредни и непредвидливи, а истовремено се наведени и примери на такви околности, Така, според ОУ бр.56 како извонредни околности наведени се: природните настани како што се поплавите, земјотресите; управните мерки како што забрана за увоз, промена на системот на цените, промена на тарифите и сл.[199]

Раскинување на договорот од страна на страната која се повикува на променети околности, може да бара само преку суд. При одлучувањето за раскинување на договорот, ЗОО во членот 124 содржи директни насоки за тоа од што се судот треба да се раководи при донесувањето на својата одлука. Според оваа одредба, судот треба да се раководи од начелото на чесност во прометот, водејќи сметка особено за целта на договорот, за нормалниот ризик кај договорот од односен вид, за општиот интерес и за интересет на двете договорни страни. Ова укажува на тоа дека кругот на околностите поради кои се бара раскинување или измена на договорот не е неограничен, но и дека мора да се оценува во секој конкретен случај (in concreto). Исто така, согласно судската пракса раскинувањето на договорот поради променети околности не може да се даде со едноставна изјава, како што на пример пропишува институтот за раскинување на договорот поради неисполнување, но во случај на постоење на претпоставки за раскинување на договорот поради променети околности странката може само да побара од судот раскинување на договорот. Тоа укажува на потребата од поднесување на тужба, а оспорениот правен однос во случај на прифаќање на тужбеното барање престанува само со правосилноста на пресудата.[200]

Согласно со одредбата 123 од ЗОО, според која страната што е овластена да бара поради променети околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не ѝ било соопштено на време, односно со оваа одредба се конкретизира оваа општа должност за известување, кога се однесува на барањето за раскинување на договорот поради променети околности. Меѓутоа, пропуштањето на известувањето нема за последица губење на правото да се бара раскинување на договорот, туку само постои обврска за надоместување на така причинетата штета.

И на крајот, страните можат со договорот однапред да се откажат од повикувањето на променетите околности, доколку тоа не е спротивно на начелото на совесност и чесност. [201]

## 3. ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ НА СТРАНАТА НА ДАВАТЕЛОТ НА ИЗДРШКАТА

Договорот за доживотна издршка се склучува под претпоставка за променети околности (rebus sic stantibus).[202] Измената на околностите може да се случи во субјективната или објективната сфера на едната или на другата договорна страна, или пак во надворешните околности. Тие промени

[199] Ibid
[200] ВСРХ, Рев 734/10 од 06.02.2013 година
[201] Член 125 од ЗОО
[202] Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 4034/78

треба да имаат значајно влијание во односот на договарачите, така што натамошното исполнување да стане отежнато.[203] Така, постојат одредени околности на страна на давателот на издршката кои можат да послужат како основа за раскинување на договорот за доживотна издршка. По однос на ова прашање, судската пракса може да се разликува во зависност од јурисдикцијата и конкретните случаеви. Променетите околности на страна на давателот на издршката ги вклучуваат и оние кои се директно поврзани со него, како и оние кои се поврзани со членовите на неговото потесно семејство, при што може да се смета дека кругот на членовите на потесното семејство може да се поистовети со кругот на нужните наследници.[204] Веќе истакнавме дека за да дојде до раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности, потребно е страната која се повикува на тие околности да не може да ги предвиди во моментот на склучување на договорот. Така судовите, често бараат докази со кои ќе се потврди дека настапиле ненадејни и значајни промени во околностите кои не биле предвидливи во моментот на склучување на договорот. Тоа можат да бидат: економски, здравствени, лични и други релевантни промени кои значително влијаат на способноста за исполнување на обврските од договорот.

Промените во здравствената состојба на давателот на издршката и членовите на неговото потесно семејство, за да може да се сметаат како релевантни променети околности, неопходно е да настанат по склучување на договорот, да се од траен карактер и прекумерно да го отежнат извршувањето на неговите договорни обврски.[205] Ако давателот развие сериозни здравствени проблеми кои влијаат на неговата способност да обезбеди доживотна издршка, тоа може да биде основа за раскин на договорот. Така на пример, ако кај давателот на издршката се дијагностицира сериозна болест или инвалидитет што значително влијае на можноста за исполнување на договорните обврски, судовите можат да размислат за раскинување на договорот. Ова е оправдано со самиот факт што како давател на издршката може да се јави само физичко деловно способно лице, кое поседува определени квалитети и својства врз основа на кои ќе може да ја исполни преземаната обврска за давање издршка. Така лице кое е деловно неспособно, поради психофизичките нарушувања не е способно самостојно да ги презема обврските кои произлегуваат од овој договор. Ако ја земеме и предвид и целта поради кој овој договор се склучува, а тоа е да се издржуваат стари, работно неспособни и изнемоштени лица, разбирливо е дека договорните обврски соодветно не може да ги извршува лице кое самото има потреба од здравствена заштита и нега.

Раѓањето на дете или развод на брак, исто така може да се класифицира меѓу оние правно релевантни околности поради кои може да дојде до раскин на договорот. Така на пример, ако на давателот на издршката му се роди дете, а поради тоа нема каде да го чува примателот на издршката, тоа може да биде причина судот да го раскине договорот. Раскинување на договорот поради овие причини, може да бара или едната или другата договорна страна, иако по правило на барање за промена би бил упатен давателот на издршката, со оглед на карактерот на неговите обврски.[206] Склучување на брак, исто така може да се смета како значајна промена во околностите што може да

[203] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик
[204] Stanković M. Alea iacta est – Aleatornost ugovora o doživotnom izdržavanju kao ogranicenje mogucnosti njegovog raskida zbog promenjenih okolnosti
[205] S. Svorcan, Raskid ugovora o doživotnom izdržavanju, doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu Univerziteta u Beogradu 1987. godine, 161–162; S. R. Vuković, Komentar Zakona o nasleđivanju sa sudskom praksom obrascima registrom pojmova i prilogom, Beograd 2007, 284.
[206] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик

влијае на можностите за исполнување на обврската за давање издршка. Склучувањето на брак, може да влијае на исполнување на обврската на дававелот на издршката, особено ако неговите финансиски обврски се променат поради новите семејни обврски кои произлегуваат од склучувањето на бракот. Покрај постоењето на сите овие околности, сепак треба да постои и фактор на непредвидливост во моментот на склучување на договорот, што уште еднаш се укажува на тоа дека секоја околност мора да се разгледува во секој конкретен случај. Во еден случај како причина за примена на овој институт било прифатено и заминувањето на давателот на издршка на издржување казна затвор.[207] Сепак, фактот дека давателот на издршката заминал на издржување на казна затвор, нема да биде релевантна причина за раскинување на договорот за доживотна издршка кога обврската на давателот за издржување ја презела и извршила неговата сопруга.[208]

Примателот на издршката не може да бара измена или раскинување на договорот поради личните својства на давателот на издршката (пр. возраст, способност да ги извршува обврските), бидејќи овие околности не може да му останат непознати во моментот на склучување на договорот.[209]

Потешко може да се утврди кои промени во околностите поврзани со економската положба на давателот на издршката ќе се сметаат за релевантни и би се свеле под институтот rebus sic stantibus.[210] Според судската пракса, во инфлаторни услови, паѓањето на вредноста на парите не е околност поради која може да се бара раскинување на договорот.[211] Извонредните настани како што се брзото опаѓање или ненадејното скокање на цените, со оглед на развојот на знаењето и науката и информатиката, можат да се предвидат, односно да се избегнат. Она што е значајно при оценката дали за конкретниот договор настапиле околности поради кои може да се бара измена или раскинување на договорот, не се повеќе нивната „непредвидливост“, туку околноста дали содоговорниците при склучување на договорот постапувале како добри домаќини, односно како добри стопаносопственици, па ако ги зеле предвид сите околности, тогаш дури можат да се повикуваат на нив и да бараат раскинување на договорот.[212]

Друга ситуација би имале кога би дошло до зголемување на вкупните трошоци за исполнување на договорот, што е последица на некои други извонредни околности, кои доведуваат до општо влошување на финансиската состојба на давателот на издршката, поради кои се отежнува исполнувањето на договорната обврска или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот (како што се поплавите, земјотресите итн.). Но, во овој случај, променетите околности претставуваат други извонредни околности (војна, природни катастрофи), а промените во економската состојба се нивна последица, а од друга страна и овие околности не смеат да бидат од таква природа што

[207] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 1181/91, S. R. Vuković, op. cit. fn. 24, 289

[208] Ристов А., & Мицковиќ Д. (2015). Граѓанско применето право – (Наследно право), Скопје, (Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 329/90 од 8.V.1990).

[209] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 5840/94, S. R. Vuković, op. cit. fn. 24, 270– 271.

[210] Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 4034/78

[211] Од судска пракса кон ЗОО/78, Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик

[212] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик

целосно би го спречиле исполнувањето на договорот бидејќи тогаш договорот ќе престане да произведува правно дејство по друга основа, а не поради променети околности.[213]

## 4. ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ НА СТРАНАТА НА ПРИМАТЕЛОТ НА ИЗДРШКАТА

Во теоријата постои мислење дека договорот за доживотна издршка може да биде раскинат само поради променети околности настанати на страната на давателот на издршката, бидејќи единствено нему може да му биде отежнато исполнувањето на договорните обврски. Давателот на издршката повеќе е изложен под влијанието на променетите околности, отколку примателот на издршката, чија обврска се извршува еднократно и за краток временски период.

За да видиме кои променети околности на страната на примателот на издршката би биле правно релевантни за да се раскине договорот за доживотна издршка поради променети околности, ќе тргнеме од предметот на договорот. Со договорот, давателот на издршката се обврзува доживотно да го издржува примателот на издршката, особено да му обезбедува секојдневно здрава храна, чиста и пеглана облека, да му обезбеди хигиенски услови за живот, редовно да го носи на лекарски контроли, да му обезбеди нега во случај на болест и слично.[214] Па така променетите околности во врска со извршувањето на овие обврски може да бидат правно релевантни, само ако на нив се повика примателот на издршката, но не и давателот на издршката.[215] Спротивното од ова образложение, би му овозможило на давателот на издршката да се повика на променети околности во кое било време, а на примателот на издршката би му била одземена сета сигурност поради која и го склучува овој договор. Имено, секое лице, пристапува како примател на издршка кај овој договорен однос, со цел да добие сигурна нега, грижа и внимание. Ова произлегува и од самата природа на договорот, односно издршката што давателот ја дава е врзана за идна и неизвесна околност, вклучувајќи ги тука и карактерот на услугите кои ги дава давателот на издршката. Така, обврските кои давателот на издршката треба да ги изврши не се секогаш однапред познати. Ова значи дека вонредните трошоци и можните тешкотии за издржување на примателот на издршката, не може да се сметаат за извонредни и непредвидливи околности.[216] Така, ако е договорено давателот на издршката да му обезбеди нега и грижа на примателот на издршката, околноста дека здравствената состојба на примателот е значително влошена со текот на времето, не е валидна причина за измена или раскинување на договорот, бидејќи станува збор за околност која давателот можел да ја предвиди во моментот на склучување на договорот. Бидејќи ова е централна, суштинска обврска на давателот на издршката, која ги сумира сите други негови обврски, тој мора да ги исполни и да ги сноси сите трошоци, колку и да биле тие, дури и да значително ја надминале вредноста на обврската на

---

[213] Stanković M. Alea iacta est – Aleatornost ugovora o doživotnom izdržavanju kao ogranicenje mogucnosti njegovog raskida zbog promenjenih okolnosti
[214] Мицковиќ Д. & Ристов А. (2014). Наследно право. Скопје
[215] Stanković M. Alea iacta est – Aleatornost ugovora o doživotnom izdržavanju kao ogranicenje mogucnosti njegovog raskida zbog promenjenih okolnosti
[216] Ibid.

примателот на издршката, затоа што тоа е последица од алеаторната природа на договорот за доживотна издршка.

Во еден случај[217], второстепениот суд во својата одлука наведува дека има можност за примена на одредбите од член 122 од ЗОО, односно дека постојат променети околности кои значително го отежнуваат исполнувањето на обврските на договорните страни, поради што го раскинал договорот за доживотна издршка, во кој договор родителите на тужениот, неговата мајка сега тужителката и неговиот татко, сега покојниот, се јавуваат како приматели на издршката, а тужениот како давател на издршката. Во конкретниот случај странките живееле во заеднички објект, но со различен влез, каде заедно ги користеле помошните простории и дворното место. Бидејќи биле нарушени односите помеѓу тужителката и тужениот, тужителката ја напуштила куќата и заминала да живее кај нејзината ќерка. Тужениот немал пристап до куќата во која живеела неговата мајка со нејзината ќерка, така објективно не можел да ги извршува обврските од договорот за доживотна издршка, а мајката пред нејзината смрт поднела тужба за раскинување на договорот. Во конкретниот случај Врховниот суд, правилно оценил дека второстепениот суд во овој предмет погрешно го применил материјалното право. Имено, во конкретниот случај не се исполнети претпоставките предвидени во член 122 од ЗОО, бидејќи околностите кои што настапиле поради самоиницијативното напуштање на домот на тужителката, не можат да се земат предвид и да се ценат како околности кои што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив може да се оствари целта на договорот и тоа во таа мера што очигледно е дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни, па би било несправедливо да се одржи во сила таквиот договор, бидејќи во случајот тужениот е оневозможен по вина на тужителката да ги исполнува евентуалните обврски од договорот, а пак тужителката е таа која што со своето однесување и по сопствена волја довела до промена на ваквите околности. Според наше мислење, во овој случај и во други слични ситуации, нема можност за примена на одредбите за раскинување на договорот поради променети околности, бидејќи примателот на издршката, поради своја вина, го довел давателот на издршката до неможност за исполнување на договорените обврски. Ова се потврдува и со судската пракса, доколку со договорот за доживотна издршка било договорено издршката да се дава во натура, а во текот на исполнувањето на договорот примателот на издршката се пресели да живее на друго место, со тоа му оневозможи на давателот на издршката да ја исполни својата обврска, примателот на издршката не може да бара раскинување на договорот, затоа што не постои вина кај другата страна за изменетите услови.[218]

Прашањето за субјективниот однос на договорната страна, било тој да се состои во вид на поведение, било тие промени да се предизвикани со негова волја, по правило, не се поставува. Така на пример, ако примателот на издршката склучи брак, па на тој начин го реши прашањето за понатамошна нега и издржување, тогаш тој може основано да бара раскинување на договорот, секако во ваков случај ќе му надомести на давателот на издршката евентуалната штета која му ја има причинето. Ова произлегува од таму што кај овие договори е нагласена личната компонента.[219] Променети околности за раскинување на договорот за доживотна издршка би постоеле и во случај кога е склучен договор за доживотна издршка помеѓу две сестри каде едната е примател на

[217] Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев2.бр.399/2015
[218] ВСМ Гзз.93/88 пд 01.09.1988 година. Зб IV/35
[219] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик

издршката, а другата која е во брак е давател на издршка, при тоа имаат засновано заедница на живот, ако брачниот другар на умрениот давател на издршка склучи нов брак, а примателот на издршката не се согласи да живее во заедница со неговата брачна другарка.[220]

Дали промената во финансиската состојба на примателот на издршката може да претставува правно релевантен факт за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности? Потврден одговор на ова прашање би имале во случај на посериозни економски промени, дури и кога економски е подобрена ситуацијата на примателот на издршката. Тоа би било ситуација кога примателот на издршката ќе добие значителен финансиски приход, како на пример преку наследство, игри на среќа и сл., тоа може да биде основ за раскинување на договорот. Ова од причина што би се изгубила целта и корисноста за примателот на издршката. Кога има значителни променети околности кои влијаат на целта на договорот за доживотна издршка, може да се потврди дека каузата повеќе не постои или суштински е изменета. Така, ако примателот на издршката значително ја подобри финансиската состојба, целта на договорот може да биде нарушена. Ситуација во која последователно би се создала диспропорција во еквивалентноста на придобивките, исто така, може да доведе до тоа да на примателот на издршката повеќе не му требаат парични бенефиции од дателот на издршката, и имајќи предвид дека неговата здравствена состојба е добра, вниманието и грижата како нематеријални дејствија кои треба да ги обезбеди давателот на издршката се сведени на минимум, додека пак од друга страна се задолжил на давателот на издршката му пренесе недвижен имот од значителна вредност во моментот на неговата смрт, овој договор може да биде раскинат, затоа што примателот на издршката не би склучил таков договор под тие услови.[221] Меѓутоа, ова е можно само доколку потребите на примателот на издршката се такви што овој договор е блиску до договорот за доживотна парична рента, односно потребите на примателот на издршката во моментот на склучување на договорот исклучиво се од паричен или материјален карактер, што е може да се случи во пракса. Врховниот суд во Србија утврди дека, фактот што примателот на издршката има материјални средства за издржување не е од значење за полноважност на договорот за издршка, со кои старите луѓе себе си обезбедуваат нега и грижа[222]. Според ставот на Врховниот суд, содржината на договорот за доживотна издршка не мора секогаш да се состои во давање средства за издржување, може да се состои и во обезбедување нега, храна, потребни лекарства и сл. Имајќи го предвид ваквото становиште на Врховниот суд, договорот за доживотна издршка би можел да се раскине поради променети околности, само доколку неочекувано се промени економската состојба на примателот на издршката, но содржината на договорот за доживотна издршка исклучиво се состои во давање доживотно парични средства.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој труд се даде анализа на факторите кои се правно релевантни за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности. Фокусот е на идентификување на клучните промени како финансиски така и поврзани со животот кои можат да бидат основа за раскинување на договорот. Со анализа на релевантните законски одредби се утврди дека постои правна основа за раскинување на договорот доколку се исполнети одредени законски претпоставки.

---

[220] ВСМ Рев. 200/91 од 12.03.1991 год. Зб. V/120
[221] O. Antić (2011), Obligaciono pravo, Beograd, 415
[222] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev.3951/02 od 22 januari 2003 godina

Променетите околности може да бидат клучен фактор за раскинување на договорот за доживотна издршка. Правото признава одредени промени кои се доволно релевантни за да се раскине договорот, а тоа може да вклучува финансиски промени, промени во здравствената состојба, лични промени, промени поврзани со животните околности и сл. Финансиските промени играат важна улога во проценката на правната релевантност за раскинување на договорот за доживотна издршка. Значајните промени во финансиската состојба, како што е значително подобрување или влошување на финансиската состојба, може да биде основ за раскинување на договорот за доживотна издршка. Исто така, доколку има значителни промени во нивното здравје или способноста да се грижат за нив, може да биде релевантен фактор за раскинување на договорот.

Важно е да се напомене дека секој случај за раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности треба да се разгледува поединечно, земајќи ги предвид сите релевантни фактори. Судот ќе го анализира договорот за доживотна издршка, како и сите писмени или усни докази за променетите околности што довеле до барање за раскинување на договорот. Одлуката ќе се заснова на таа анализа, во комбинација со важечките закони и регулативи, за да се утврди дали променетите околности се доволно значајни за да гарантираат раскинување. Имено, одлуката на судот со која ќе изрече измена или раскинување на договорот поради променети околности, има конститутивен карактер. Трудот преставува основа и остава можност и за понатамошни истражувања, со кои би можела да се подобри правната практика при раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности.

**Користена литература**


1. [1] Bikić A. Promijenjene okolnosti i prekomjerno oštećenje kod dvostranih ugovora, Godišnjak Pravnog fakulteta u Sarajevu, LIV – 2011., s. 81-94
2. [2] Галев Г. & Дабовиќ Анастасовка J. (2021). Облигационо право. Скопје
3. [3] Ilkić Z. (2014). Prestanak ugovora o dozivotnom izdrzavanju, Vol. 11, No 1, 2014: 127-146
4. [4] Мицковиќ Д. & Ристов А. (2014). Наследно право. Скопје
5. [5] O. Antić (2011b), Obligaciono pravo, Beograd,
6. [6] Ристов А., & Мицковиќ Д. (2015). Граѓанско применето право – (Наследно право), Скопје
7. [7] Stanković M. Alea iacta est – Aleatornost ugovora o doživotnom izdržavanju kao ogranicenje mogucnosti njegovog raskida zbog promenjenih okolnosti
8. [8] S. Svorcan, Raskid ugovora o doživotnom izdržavanju, doktorska disertacija odbranjena na Pravnom fakultetu Univerziteta u Beogradu 1987. godine, 161–162; S. R. Vuković, Komentar Zakona o nasleđivanju sa sudskom praksom obrascima registrom pojmova i prilogom, Beograd 2007, 284.
9. [9] Законот за облигациони односи („Службен весник на РСМ", бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/1, 123/13, 215/21),
10. [10] Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик

**СУДСКА ПРАКСА**

11. [1] ВСРХ, Рев 734/10 од 06.02.2013 година
12. [2] Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 4034/78
13. [3] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 1181/91, S. R. Vuković, op. cit. fn. 24, 289
14. [4] Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 329/90 од 8.V.1990
15. [5] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev. 5840/94, S. R. Vuković, op. cit. fn. 24, 270– 271

16. [6] Одлука на Врховниот суд на Хрватска, Гж. 4034/78
17. [7] Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев2.бр.399/2015
18. [8] ВСМ Гзз.93/88 пд 01.09.1988 година. Зб IV/35
19. [9] ВСМ Рев. 200/91 од 12.03.1991 год. Зб. V/120
*20.* [10] Presuda Vrhovnog suda Srbije, Rev.3951/02 od 22 januari 2003 godina
21. [11] *VTS, Pž 3939/95 od 30.4.1996.*